\

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

бр. 1002-124/9
од 07.05.2019 год.

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општина Свети Николе го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
по **Предлог планот за УПС Црнилиште, КО Црнилиште, Општина Свети Николе**

Планскиот опфат за кој се работи предметната урбанистичка документација го опфаќа целиот населен простор.

- На север границата почнува минувајќи низ КП бр. 4156/1, продолжува тангирајќи локален патен правец, по јужните граници на КП бр. 3606, КП бр. 3605, КП бр. 3604, КП бр. 3975, сече локален патен правец, минува по јужната граница на КП бр. 3621, КП бр. 3623, КП бр. 3624, КП бр. 3617, КП бр. 3625, низ КП бр. 3616, КП бр. 3646, КП бр. 3647, КП бр. 3645/1, КП бр. 3644/1, по јужните граници на КП бр. 3643/1, 3640/1, низ КП бр. 3648, КП бр. 3649, низ КП бр. 3652, КП бр. 3663, по јужната граница на КП бр. 3662 и продолжува по локален патен правец до КП бр. 3557/1.

- На исток границата се движи од КП бр. 3557/1, минува низ канал за наводнување, продолжува низ КП бр. 3706/1 и локален патен правец. Оттука минува по северните граници на КП бр. 3706/2, КП бр. 3710/2, КП бр. 3709/2, КП бр. 3708/2, низ КП бр. 3704/2, сече локален пат и продолжува јужно по источната граница на КП бр. 3717/2, северната граница на КП бр. 3694, КП бр. 3690, северната, источната и јужната граница на КП бр. 3691, минува низ КП бр. 3696, КП бр. 3854/1, јужната граница на КП бр. 3852, продолжува по алфатираниот пат кој води кон Свети Николе.

-На југ границата продолжува кон запад движејќи се низ КП бр. 3835/2, по јужните граници на КП бр. 3841/1, 3840/1, КП бр. 3839/1, низ КП бр. 3839/2, продолжува по асфалтираниот пат кој води кон Свети Николе а потоа и по земјен пат до КП бр. 4097/2. Оттука продолжува по јужните граници на парцелите КП бр. 4093/2, КП бр. 4094/2, КП бр. 4096/2, низ КП бр. 4105, КП бр. 4106, КП бр. 4095, КП бр. 4107, КП бр. 4108, КП бр. 4109, КП бр. 4042, КП бр. 4055, по јужната граница на КП бр. 4043, сече локален пат и се движи низ парцели и граници на парцели се до КП бр. 4050/1.

-На запад границата минува низ КП бр. 4050/1, КП бр. 4050/2, сече локален пат, минува низ КП бр. 4049, КП бр. 4031, повторно сече локален пат, продолжува да минува низ КП бр. 4016, КП бр. 4168, КП бр. 4167, КП бр. 4166, КП бр. 4164, низ западната граница на КП бр. 4007/1, низ КП бр. 4163, сече локален пат и откриен канал. Оттука продолжува да минува низ парцелите КП бр. 4159, КП бр. 4158, КП бр. 4157 се до КП бр. 4156/1.

Планскиот опфат е со површина од **96.7 ха.**

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог планот за УПС Црнилиште, КО Црнилиште, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина

Свети Николе, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Свети Николе и на јавно место кое се наоѓа во кругот на месната самоуправа.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **15.05.2019** година во **12:00** часот во просториите на Општина Свети Николе.

Јавната анкета ќе трае **пет работни дена** од денот на одржувањето на јавната презентација, односно почнувајќи од **16.05.2019** заклучно со **22.05.2019** година во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

м-р Сашо Велковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ